**МЕЃУНАРОДНА НАБЉУДУВАЧКА МИСИЈА ЗА ИЗБОРИТЕ (МНМИ)**
**поранешна југословенска република Македонија**
**Претседателски и предвремени Парламентарни Избори, 27 април 2014 год.**

# ИЗЈАВА ЗА ПРВИЧНИТЕ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

Скопје, 28 април 2014 год. – Оваа изјава за првичните наоди и заклучоци е резултат на заедничките напори на Канцеларијата за демократските институции и човекови права при ОБСЕ (ОБСЕ/ОДИХР), на Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) и Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ).

Кристин Мутонен (Австрија) беше назначена од страна на актуелниот Претседавач на ОБСЕ за Специјален координатор задолжен да ја предводи мисијата на краткорочни набљудувачи. Изабел Сантос (Португалија) ја предводеше делегацијата на ПС на ОБСЕ, а Штефан Шенах (Австрија) ја предводеше делегацијата на ПССЕ. Амбасадорот Герт Хинрих-Аренс (Германија) е шеф на Набљудувачката мисија за изборите на ОБСЕ/ОДИХР која започна со работа на 10 март 2014 год.

Оценувањето се направи со цел да се утврди дали изборите беа во согласност со заложбите на ОБСЕ и Советот на Европа за демократски избори, како и со меѓународните обврски и домашното законодавство. Оваа Изјава на првични наоди и заклучоци се објавува пред завршувањето на изборниот процес. Конечната оценка за изборите ќе зависи делумно од спроведувањето на останатите фази од изборниот процес, вклучувајќи ги собирањето, сумирањето и утврдувањето на резултатите, како и постапувањето по евентуалните приговори и жалби после денот на изборите. Околу осум седмици после завршувањето на изборниот процес ОБСЕ/ОДИХР ќе објави сеопфатен конечен извештај кој ќе вклучува препораки за потенцијални подобрувања. ПС на ОБСЕ ќе го презентира својот извештај на заседанието на Постојаниот комитет во Баку на 28 јуни 2014 год. Делегацијата на ПССЕ ќе го презентира својот извештај на заседанието на Постојаниот комитет во Баку на 23 мај 2014 год.

## ПРВИЧНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Како и во првиот круг од гласањето, претседателските и предвремените парламентарни избори од 27 април 2014 год. беа ефикасно спроведени, вклучувајќи го и денот на изборите. Кандидатите имаа можност непречено да ја водат изборната кампања, а слободите на собирање и здружување беа почитувани. Сепак, кампањата на владејачката партија несоодветно ги разграничуваше партиските од државните активности, спротивно на ставот 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год. и стандардите на Советот на Европа. Наводите на заплашување на гласачите продолжија во текот на кампањата. Албанската партија во владата продолжи да ги бојкотира претседателските избори и изврши прекумерен притисок врз етничко албанските гласачи да не го земаат гласачкото ливче за претседател. Пред да започне броењето на гласовите, главната опозициска коалиција најави дека нема да го признае резултатот од овие избори.

Отсуството на анализа и независно известување во медиумите продолжи во текот на кампањата за вториот круг на претседателските и предвремените парламентарни избори. Мониторингот на медиумите што го спроведе НМИ на ОБСЕ/ОДИХР покажа дека најголем дел од медиумите врз

кои се спроведе мониторинг беа во голема мера пристрасни во полза на владејачката партија и нејзиниот претседателски кандидат, а главно негативни кон главната опозициска партија и нејзиниот кандидат. Медиумите често потфрлаа во разграничувањето помеѓу медиумското известување за службените лица во нивно својство на министри и кандидати.

Сто и дваесет пратеници во собранието се избираат според пропорционалниот модел и тројца пратеници се избираат според мнозински модел во три изборни единици надвор од земјата. Нерамномерната распределба на гласачи надвор од земјата и разликата помеѓу бројот на гласачите во изборните единици во и надвор од земјата нецелосно ја обезбедуваат еднаквоста на гласот, согласно ставот 7.3 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год. и стандардите на Советот на Европа. Понатаму, условот за обезбедување на најмалку 40% излезност во вториот круг од претседателските избори би можел да доведе до циклуси на неуспешни избори, во случај процентот на излезност да е помал.

Одреден број на одредби од Изборниот законик со кои се регулираат парламентарните избори беа изменети во јануари 2014 год. и истите одговорија на некои од препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Сепак, недоследностите и двосмисленостите кои влијаеја врз предвремените парламентарни избори продолжија, вклучително и законската дефиниција за водење и времетраење на изборната кампања и одредбите за користењето на јавните ресурси во текот на кампањата. Државната изборна комисија (ДИК) издаде неколку упатства, кои ефективно го изменија законот во обид да се регулира преклопувањето на кампањата за двата избори. Правното овластување на ДИК да го направи тоа е дискутабилно.

ДИК ги запази речиси сите рокови предвидени со законот и одржуваше редовни седници, но продолжи да биде поделена по партиска линија во однос на сите политичко спротивставени прашања. И покрај доцното заклучување на Единствениот избирачки список за предвремените парламентарни избори, печатењето на гласачките ливчиња и на извадоците од избирачкиот список беше навремено завршено. Како и во првиот круг од претседателските избори, во врска со неколку прашања ДИК не комуницираше ефективно со Општинските изборни комисии (ОИК), предизвикувајќи одредена забуна во однос на процедурите. Сепак, ОИК своите обврски ги спроведоа на професионален начин.

Критериумите за родова застапеност беа почитувани во органите на изборната администрација. Согласно законските барања, секој трет кандидат на листата на кандидати за пратеници се предвидува да биде претставник на помалку застапениот пол. Сепак, жените беа недоволно застапени на митинзите кои ги набљудуваше НМИ на ОБСЕ/ОДИХР, а родовите прашања не беа покренати во програмите на изборната кампања.

За овие избори имаше два одделни Избирачки списоци: 1.779.572 гласачи беа регистрирани за претседателските избори и 1.780.128 за предвремените парламентарни избори. Прашањето на загриженост во однос на точноста на избирачкиот список, а посебно во однос на големиот број на гласачи кои живеат на иста адреса беше покренато од страна на одреден број на соговорници на МНМИ. Законските одредби кои на политичките партии им овозможуваат да ги оспорат податоците кои се однесуваат на гласачите во избирачкиот список се нејасни и нејасно утврдуваат која агенција е одговорна за спроведување на истрагата. Ова го поткопа соодветното спроведување.

Кампањата беше активна, со голем број на митинзи и средби со гласачите. Сепак, значителната предност со ресурси, а на тој начин и со политичко рекламирање, значеше дека владејачката Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) и нејзиниот претседателски кандидат доминираа во двете изборни кампањи. Дополнително, кампањата на владејачката партија често несоодветно ги

раздвојуваше партиските од државните активности. Како и во првиот круг од претседателските избори, имаше постојана размена на силни обвинувања за корупција во рамките на етничките блокови. Бојкотот на претседателските избори на Демократската унија за интеграција (ДУИ) резултираше со значително помала излезност во етничко албанските места отколку во етничко македонските места.

Механизмот за решавање на изборни спорови остана неефективен. Недостатокот на крајни рокови до кои судот треба да се произнесе за одредени видови на случаи поврзани со изборите, во комбинација со ограниченото право на гласачите да имаат пристап до правен лек во секоја етапа од изборниот процес не обезбедува целосна гаранција за правен лек согласно барањата од ставот 5.10 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год.

Денот на изборите беше спроведен на непречен и професионален начин со само некои технички нерегуларности забележани во текот на денот. Избирачките одбори (ИО) демонстрираа добро познавање на процедурите за гласање. Сепак, во некои етничко албански места МНМИ забележа дека гласачите беа обесхрабрувани од страна на членовите на ИО да го земат гласачкото ливче за претседател. Најголем дел од постапките на броење на гласови и сумирање на резултати кои ги набљудуваше МНМИ беа оценети како позитивни, и покрај тоа што некои од разликите беа коригирани во записниците со резултатите.

## ПРВИЧНИ НАОДИ

### Контекст

Согласно уставните и законските одредби, првиот круг од претседателските избори се одржа на 13 април 2014 год.[1] Со оглед на тоа што ниеден од кандидатите не го освои потребното мнозинство од вкупниот број на регистрирани гласачи за да може да биде избран, вториот круг на избори беше закажан со учество на кандидатот - актуелен претседател Ѓорге Иванов, поддржан од Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), кој освои 51% од гласовите[2], и Стево Пендаровски, поддржан од опозицискиот Социјалдемократски Сојуз на Македонија (СДСМ), кој освои 37.51% од гласовите.[3]

Демократската унија за интеграција (ДУИ) ги бојкотираше претседателските избори изјавувајќи дека нејзиниот коалициски партнер ВМРО-ДПМНЕ го игнорирал нејзиниот повик да се номинира консензуален претседателски кандидат кој би ги претставувал заедниците на етничките Македонци и етничките Албанци. Како последица на тоа, излезноста во местата со етнички Албанци беше значително помала од онаа во местата со етнички Македонци.[4] Користењето на видливо мастило за обележување на гласачите дополнително го зголеми притисокот врз етничко албанските граѓани со оглед на тоа што нивната одлука да гласаат или да не гласаат беше видлива.

Парламентот се распушти на 5 март по иницијатива на ДУИ. Предвремените парламентарни избори се одржаа заедно со вториот круг од претседателските избори на 27 април.

### Правна рамка и Изборен систем

1 Изјавата за првичните наоди и заклучоци на МНМИ за претседателските избори од 13 април е достапна на http://www.osce.org/odihr/elections/117636

2 За да биде избран во првиот круг, успешниот кандидат потребно е да го освои мнозинството на гласови од вкупниот број на регистрирани гласачи. Г. Иванов освои 25.2%, а г. Пендаровски 18.3% гласови од бројот на регистрирани гласачи.

3 Ињаз Халими, единствениот етничко албански кандидат, поддржан од Демократската партија на Албанците (ДПА) освои 4.49% од гласовите; а Зоран Поповски, поддржан од неодамна основаната Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ) освои 3.61% од гласовите.

4 Во општините во кои победи г. Халими просечната излезност беше 12.85%.

Изборите се првенствено регулирани со Уставот и Изборниот законик. Последните измени на Изборниот законик се донесоа на 24 јануари 2014 год., и истите одговорија на некои од претходните препораки на ОБСЕ/ОДИХР.[5] Сепак, спроведувањето на законодавството откри дека одреден број на прашања и недоследности останаа неодговорени, вклучувајќи ја дефиницијата за водење и времетраење на изборната кампања и одредбите за користењето на јавните ресурси во текот на кампањата. Понатаму, гаранциите за раздвојување на партијата од државата остануваат недоволни. Не постои законско барање министрите и останатите државни службеници привремено да се повлечат од функцијата додека се кандидати во изборна трка, што доведе до злоупотреба на државните ресурси и конфликт на интереси помеѓу службените активности на министрите и нивната улога на кандидати.

Како исклучок, членот 9 од Изборниот законик предвидува од моментот кога ќе бидат утврдени како кандидати, на "овластените службени лица" во Министерството за внатрешни работи (МВР) и Министерството за одбрана (МО) владините обврски привремено да им мируваат. Оваа одредба има за цел да спречи злоупотреба на државни ресурси и да го избегне конфликтот на интересите кои се вградени во двојната улога на службено лице кое е вработено во клучно министерство и е кандидат во текот на изборниот период. Оваа одредба посебно важи за Министерот за внатрешни работи кој има овластувања врз клучни аспекти од изборниот процес. И покрај таквата законска одредба, Министерот за внатрешни работи не се повлече од функцијата и покрај тоа што беше кандидат во изборната трка.[6]

Во текот на изборниот процес, Државната изборна комисија (ДИК) издаде неколку упатства кои ефективно го изменија законот во обид да се регулира преклопувањето на кампањите за двата избори. На 7 март, ДИК едногласно донесе одлука да се започне со кампањата за предвремените парламентарни избори два дена порано со дводневен прекин во текот на изборниот молк за претседателските избори. Законското овластување на ДИК да го направи тоа е дискутабилно.

Во вториот круг од претседателските избори, кандидатот кој ќе освои најголем број од гласовите се избира под услов да е обезбедена излезност од најмалку 40% од вкупниот број на регистрирани гласачи. ОБСЕ/ОДИХР и Комисијата за демократија преку право (Венецијанска Комисија) на Советот на Европа претходно го имаат критикувано ова барање заради тоа што истото би можело да доведе до циклуси на неуспешни избори.[7]

Парламентот се избира со мандат од четири години. Од вкупно 123 избрани пратеници, 120 се избираат според пропорционалниот модел во 6 изборни единици. Останатите тројца пратеници се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг и тоа по еден пратеник од три изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија.[8] Нерамномерната распределба на гласачи во изборните единици во странство и разликата помеѓу

---

5 Претходните извештаи на ОБСЕ/ОДИХР се достапни на http://www.osce.org/odihr/elections/fyrom

6 Членот 32 од Законот за внатрешни работи предвидува (министерот, заменик министерот, државниот секретар, директорот на Бирото за јавна безбедност, директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање и вработените на раководни позиции во Министерството за внатрешни работи да имаат статус на овластени службени лица.)

7 Види во Заедничкото мислење на ОБСЕ/ОДИХР и Комисијата за демократија преку право (Венецијанска комисија) на Советот на Европа за Изборниот законик со кое се вели дека "продолжувањето на барањето на излезност на гласачи во вториот круг (мнозинство на гласови со најмалку 40% излезност од вкупниот број на регистрирани гласачи." Би можело да доведе до циклуси на неуспешни избори. http://www.osce.org/odihr/elections/102832

8 Бројот на гласачи регистрирани за изборната единица 7 која ги покрива Европа и Африка беше 18.911; 3.337 гласачи беа регистрирани во изборна единица 8 која ги покрива Северна и Јужна Америка; и 1.534 во изборна единица 9 која го покрива Австралија и Азија. Во земјата, просечниот број на гласачи за секој избран кандидат беше околу 14.600.

бројот на гласачи во изборните единици во земјата и во странство нецелосно обезбедуваат еднаквост на гласот согласно ставот 7.3 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год.[9]

## Изборна администрација

Парламентарните избори, слично на претседателските избори, ги спроведе изборна администрација на три нивоа: ДИК, 80 Општински изборни комисии (ОИК), 3.480 Избирачки одбори (ИО) за гласање во земјата и 34 ИО за гласање во дипломатско – конзуларните претставништва (ДКП). ДИК е составена од седум члена кои ги именува парламентот со мандат од четири години: претседателот и двајца членови се именувани од опозициските партии во парламентот, додека потпретседателот и тројца членови се именувани од владејачките партии.

ОИК се надлежни за спроведување на изборите во соодветната општина и за назначување на ИО. ОИК имаат претседател, четири члена и нивни заменици избрани по пат на случаен избор од редот на вработените во јавната администрација, со мандат од пет години. ИО се формирани од страна на ОИК преку користење на комбиниран професионално - политички модел, при што еден член е именуван од владејачките политички партии, еден од опозициските партии, а три члена се избрани по пат на случаен избор од редовите на вработените во јавната администрација. Измената на Изборниот законик со која се предвидува претседателот на ИО да е со високо образование, а членовите да имаат завршено најмалку средно образование позитивно влијаеше врз работата на ИО, и покрај тоа што некои ОИК забележаа дека утврдувањето на доволен број на квалификувани лица создавало потешкотии.

Како и во првиот круг од претседателските избори, седниците на ДИК беа начелно отворени за акредитираните набљудувачи и медиумите. Записниците од овие седници се објавуваа на веб страницата на ДИК во рок од 48 часа. Сепак, седниците на ДИК продолжија да бидат обележани со поделби меѓу членовите, а гласањето се одвиваше по партиска линија за сите политички спротивставени прашања. Наспроти доцното заклучување на Единствениот избирачки список за парламентарните избори, печатењето на гласачките ливчиња и извадоците од избирачките списоци беше навремено завршено.[10] ДИК ја исполни својата обврска за спроведување на кампања за образование на гласачите; сепак, истата не беше многу видлива, а важни аспекти од изборниот процес не беа покриени.[11] Како и во првиот круг од претседателските избори, недостатокот на комуникација помеѓу ДИК и ОИК во врска со неколку процедурални прашања предизвика одредена забуна во однос на процесот. Сепак, ОИК своите надлежности ги спроведоа на професионален начин.

## Регистрација на гласачи

Со оглед на тоа што претседателските и парламентарните избори беа закажани за различен датум, крајните рокови за јавен увид и заклучување на избирачкиот список беа различни. Ова резултираше со два посебни избирачки списоци со 1.779.572 граѓани регистрирани да гласаат за претседателските избори, и 1.780.128 гласачи регистрирани за предвремените парламентарни

---

[9] Ставот 7.3 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год. предвидува земјите учеснички "да гарантираат универзално и еднакво право на глас за полнолетните граѓани." Дополнително, види во Заедничкото мислење од 2011 на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија во кое се вели дека "воведувањето на изборен систем за гласањето во странство различен од оној кој се користи во земјата не се чини оправдано." http://www.osce.org/odihr/84226

[10] Избирачкиот список за парламентарните избори беше заклучен на 17 април 2014 год., осум дена по истекување на законски предвидениот рок.

[11] Кампањата за образование на гласачите не ги покри новите правила кои се применуваат за гласање на болни и немоќни лица. Исто така, не ги информираше гласачите дека имаат можност да изберат дали да гласаат или да не гласаат за двата избори на 27 април.

избори.[12] Од околу 83.500 граѓани регистрирани во МВР како лица на привремена работа или престој во странство, 8.332 беа регистрирани да гласаат на претседателските избори, а 23.782 на предвремените парламентарни избори.[13]

Прашањето на голем број на гласачи кои се регистрирани на иста адреса, а на која се чини дека не живеат беше покренато од страна на неколку од соговорниците на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР. Како и во првиот круг од претседателските избори, ДУИ и СДСМ доставија приговори до ДИК со кои бараа да се избришат гласачи од избирачкиот список за парламентарните избори, со наводи дека истите биле регистрирани на фиктивни адреси (види во делот на Приговори и жалби). МВР, кое води евиденција за населението, изјави дека не е во негова надлежност да ги проверува таквите наводи. Законските одредби кои на политичките партии им овозможуваат да ги оспорат податоците кои се однесуваат на гласачите во избирачкиот список се нејасни и нејасно утврдуваат која агенција е одговорна за спроведување на истрагата. Ова го поткопа соодветното спроведување.

## Регистрација на кандидати

На парламентарните избори може да се кандидираат кандидати кои се предложени од политички партии, коалиции на политички партии или независни кандидати предложени од група на гласачи. Секој граѓанин со право на глас може да се кандидира за парламентарните избори, под услов да не отслужува казна затвор за сторено кривично дело во времетраење од најмалку шест месеци. Истиот кандидат може да се јави на само една листа на кандидати. Во напор да го охрабри учеството на жени, а согласно законските одредби, секое од трите последователни места на листата на кандидати е резервирано за помалку застапениот пол.

ДИК регистрираше девет политички партии и пет коалиции во еден сеопфатен процес. Сите партии од етничкиот албански блок учествуваа одвоено во изборната трка, вклучувајќи ги ДУИ и Демократската партија на Албанците (ДПА). И покрај тоа што законот го овозможува тоа, ниедна листа на независни кандидати не беше доставена.

## Средина на изборната кампања

Кампањата за вториот круг на претседателските избори започна на 14 април. Кампањата за предвремените парламентарни избори започна на 5 април, со дводневен прекин во текот на изборниот молк за претседателските избори. Кандидатите имаа можност непречено да ја водат изборната кампања. Во кампањата и за претседателските и за парламентарните избори доминираше ВМРО-ДПМНЕ. Понатаму, кампањата на владејачката партија несоодветно ги раздвојуваше партиските од државните активности, спротивно на ставот 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год.[14] Наводите на заплашување на гласачите и злоупотреба на државните ресурси продолжија во текот на кампањата.[15] НМИ на ОБСЕ/ОДИХР прими голем број

---

[12] Лицата со наполнети 18 години живот на денот на изборите, кои имаат свое постојано живеалиште во соодветната изборна единица, кои поседуваат важечка биометриска лична карта (л.к.) или патна исправа и на кои со правосилна судска одлука не им е одземена деловната способност се внесени во избирачкиот список за гласање во земјата.

[13] На 16 март, ДИК објави дека 70.305 гласачи биле регистрирани за гласање во МВР како лица на привремена работа или престој во странство. За вториот круг од гласањето, ДИК обезбеди различна бројка од 83.503 лица кои живеат во странство.

[14] Ставот 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год. предвидува "јасно разграничување меѓу државата и политичките партии; а посебно, политичките партии нема да се спојат со државата". Исто така, види го ставот I.3.1а од Кодексот на добра изборна пракса на Венецијанската комисија. https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD%282002%29023-e

[15] Понатаму, НМИ на ОБСЕ/ОДИХР прими голем број на известувања дека полицијата не извршила истрага на наводите доставени од опозициските партии.

на веродостојни наводи на извршен притисок врз гласачите, посебно врз вработените во јавната администрација, вклучувајќи: притисок за присуство на настани на изборната кампања,[16] понекогаш во текот на работните часови,[17]; притисок да не се присуствува на настани на опозицијата;[18] и ветувања или закани по вработувањето во државната администрација.[19] Другите наводи вклучуваа закани за задржување на бенефициите на социјална заштита и купување на гласови меѓу економски загрозените групи.

Методите на изборната кампања вклучуваа користење на билборди, постери и летоци. Се реализираа голем број на митинзи на главните коалиции и партии вклучени во изборната трка. Билбордите и постерите за двајцата претседателски кандидати во вториот круг беа забележливи во најголем дел од градовите. За кампањата на парламентарните избори, промотивните материјали беа најизразени за лидерите и носителите на листи на најголемите коалиции и партии – ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ- а неколку имаше и за Граѓанската опција за Македонија (ГРОМ), ДПА, Национална демократска преродба (НДП) и Коалицијата за позитивна Македонија.

И ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ организираа заеднички митинг за своите претседателски кандидати и кандидатите за пратеници во собранието. Понатаму, сите партии и коалиции се концентрираа и на одржување на помали настани и средби, како и на водење на кампања од врата до врата како главна тактика за остварување на комуникација со своите гласачи, водење дискусија за своите програми и презентирање на летоци и брошури. Митинзите кои ги набљудуваше НМИ на ОБСЕ/ОДИХР се одвиваа без нарушување[20] и начелно беа добро посетени, и покрај тоа што преовладуваа мажи.[21] Сепак, бројот на случаи на штета направена врз изборните штабови се зголемуваше како што се приближуваше денот на изборите.[22] За време на кампањата, СДСМ приложи доказен материјал до обвинителот со наводи дека премиерот примал поткуп за приватизацијата на "*Македонска Банка*". Како одговор на таквото обвинување, премиерот најави дека ќе покрене тужба против лидерот на СДСМ за нанесена клевета.

Клучните прашања и приоритети на претседателските кандидатите и кандидатите за избор на пратеници во собранието отсликани во коалициските и партиските програми вклучуваа економски развој, странски инвестиции, намалување на сиромаштијата, вработување на младите, надминување на етничките поделби, решавање на прашањето со името и пристапување кон Европската унија и НАТО.

---

16 На митингот на ГРОМ во Ѓорче Петров одржан на 8 април, долгорочните набљудувачи на ОБСЕ/ОДИХР беа пресретнати од државни службеници кои им бараа знак за нивно присуство. Наставник од Гостивар изјави дека на колегите им било речено од страна на нивниот претпоставен да присуствуваат на митингот на ДУИ во Скопје и дека градоначалникот сакал да ја види листата на лица кои учествувале на митингот.

17 Во текот на митингот на ВМРО-ДПМНЕ во Конче кој се одржа на 15 април од 13:00 – 14:30 (работни часови), долгорочните набљудувачи на ОБСЕ/ОДИХР забележаа дека општинската зграда била заклучена.

18 Долгорочните набљудувачи на ОБСЕ/ОДИХР беа информирани за притисокот извршен врз вработените во јавниот сектор да не присуствуваат на настан од изборната кампања на г. Пендаровски во општина Валандово.

19 Наставничка од Гостивар ги извести долгорочните набљудувачи дека претпоставениот ѝ се заканил да се откаже од листата на кандидати за НДП и да се приклучи кон ДУИ зошто во спротивно ќе ја изгуби работата. Претставник на ДПА во Липково ги информираше долгорочните набљудувачи дека го смениле од работното место (како вработен во јавниот сектор) за, како што тој кажа, "да го отстранат од градот за време на изборите заради неговата политичка определба".

20 Еден од исклучоците беше кавгата помеѓу поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ после уличниот митинг на г. Пендаровски кој се одржа на 15 април во Лисиче.

21 НМИ на ОБСЕ/ОДИХР набљудуваше 44 митинзи за време на изборната кампања помеѓу двата изборни дена. Просечната стапка на посетеност на жени на митинзите кои ги набљудуваа долгорочните набљудувачи на ОБСЕ/ОДИХР беше 20%, со многу помала стапка на посетеност на настаните од изборната кампања на ДПА и ДУИ.

22 Во полиција беше пријавена штетата направена на следниве изборни штабови: четири изборни канцеларии на СДСМ, три на ВМРО-ДПМНЕ, една на ГРОМ и една на Алијансата за позитивна Македонија. Штетата направена на изборниот штаб на СДСМ во Чаир не беше пријавена во полицијата.

Говорите на митинзите на ДПА продолжија да бидат обележани со горлив јазик насочен против ДУИ, а посебно против нејзиниот лидер Али Ахмети.[23] Постојаните недокажани обвинувања на лични случаи на корупција во рамките на етничките блокови го спуштија нивото на разговор и го оддалечија фокусот од конкретните прашања и партиските платформи. Несогласувањето во ДПА помеѓу партискиот штаб и огранокот во Струга околу листата на кандидати во изборната единица 5 резултираше со бојкот на огранокот на предвремените парламентарни избори во оваа општина.

Понатаму, двете партии на владејачката коалиција, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, сé повеќе апелираа до своите етнички заедници да им го обезбедат потребниот мандат за да може да ги зацврстат своите позиции и да избегнат правење на отстапки во какви било идни преговори за формирање на влада. Премиерот постојано ги повикуваше етничките македонски гласачи да ѝ обезбедат на партијата јасно мнозинство или најмалку 62 пратенички места со цел да се избегне каков било понатамошен притисок, влијание или уцена од нејзиниот коалициски партнер ДУИ.[24] Во меѓувреме, ДУИ побара од своите поддржувачи да излезат во голем број на предвремените парламентарни избори со цел партијата да може да добие максимален број на пратенички места и да ги подобри своите позиции за преговарање. Како и во првиот круг, ДУИ најави дека ќе продолжи да го бојкотира и вториот круг од претседателските избори и изврши прекумерен притисок врз своите гласачи да се воздржат од земање на гласачкото ливче за претседател.[25]

### Финансирање на кампањата

На 12 април, четворицата претседателски кандидати ги доставија своите втори финансиски извештаи, кои беа навремено достапни за јавноста. Г. Иванов пријави вкупен приход од 29.337.922 МКД од 1.615 донатори и расход од 41.378.871 МКД.[26] Г. Пендаровски пријави вкупен приход од 6.638.409 МКД од девет донатори и други извори и расход од 6.157.282 МКД. Првите финансиски извештаи на партиите кои учествуваат во предвремените парламентарни избори беа доставени на 17 април и беа навремено објавени. ВМРО-ДПМНЕ пријави вкупен приход од 52.233.654 МКД и расход од 43.907.166 МКД. СДСМ пријави вкупен приход од 8.054.000 МКД, и вкупна сума на расход од 8.028.077 МКД. ДУИ пријави вкупен приход од 12.699.597 МКД и расход од 18.957.018 МКД, и ДПА пријави вкупен приход од 60.000 МКД и расход од 130.626 МКД.

Начелно, актуелниот систем за финансирање на изборната кампања не е соодветен за обезбедување на транспарентност, интегритет и отчет на процесот. Формуларот на финансиските извештаи е таков што не бара од учесниците во изборната кампања да ги пријават приходите и расходите по ставки. Законот не предвидува спроведување на ревизија на предизборните финансиски извештаи или санкционирање за недоставување. Државниот завод за ревизија нема начин да врши истрага дали учесниците во изборната трка имаат некаков непријавен приход или расход.

---

23 На митингот одржан на 15 април, лидерот на ДПА Мендух Тачи тврдеше дека г. Ахмети и ДУИ ги учеле етничките Македонци како да ги уценуваат етничките Албанци.

24 На пример, на митингот во Штип на 11 април, г. Груевски изјави дека на партијата ѝ се потребни 62 пратенички места со цел да одговори на уцените упатени од радикалното крило на ДУИ. На митингот во Валандово на 15 април, г. Груевски кажа дека веќе е јасно кој ќе ги добие овие избори, но не е исто дали ќе бидат со повеќе или помалку од 62 пратенички места. На митингот во Куманово на 23 април, министерот за внатрешни работи кажа дека секој глас има своја вредност заради тоа што "не сакаме да нé уценува никој во постигнувањето на националните прашања."

25 НМИ на ОБСЕ/ОДИХР прими веродостојни наводи за притисокот извршен од страна на ДУИ врз етничките албански гласачи во првиот круг, вклучувајќи: смс порака испратена вечерта на 12 април охрабрувајќи ги етничките Албанци да не гласаат наредниот ден; присуство на поддржувачи на ДУИ надвор од гласачките места на 13 април, велејќи им на луѓето да не гласаат; и присуство на набљудувачите на Здружението на граѓани за демократизација и покревање на колективната свест (ВЕПРО) во гласачките места, кои ги фотографирале и запишувале имињата на оние кои гласале.

26 Овие суми ги покрија двата круга на претседателските избори. 1 евро е во вредност од 61 МКД.

## Медиуми

Отсуството на анализа и независно известување продолжија во текот на вториот круг на кампањата за претседателските и предвремените парламентарни избори. Резултатите од мониторингот на медиумите што го спроведе НМИ на ОБСЕ/ОДИХР покажаа дека најголем дел од медиумите врз кои се спроведе мониторинг беа во голема мера пристрасни во полза на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и кандидатот Иванов, и главно негативни против СДСМ и нејзиниот кандидат.[27] Понатаму, медиумите на албански јазик беа повеќе наклонети кон ДУИ отколку кон останатите етничко албански учесници во изборната трка. Во текот на кампањата за парламентарните избори, медиумите се фокусираа на активностите на двете главни политички коалиции, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, посветувајќи му на вториот круг од претседателската кампања ограничено внимание.

Изборниот законик ги обврзува радиодифузерите да известуваат за кандидатите за парламентарните избори на правичен, избалансиран и непристрасен начин. Понатаму, јавниот радиодифузен сервис, "Македонската радио и телевизија" (МРТ) имаше обврска една третина од времето на информативната програма да го намени за емитување на дневни настани од земјата и светот; една третина од времето за активностите од кампањата на политичките партии на власт; една третина од времето за активностите на политичките партии од опозицијата согласно резултатите од последните парламентарни избори. Овие законски побарувања не соодветствуваат целосно со ставот 7.8 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год. заради тоа што не обезбедуваат време за останатите учесници во изборната трка[28]. Врз основа на препораката од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), МРТ одвои дополнително време во своите информативни програми за вонпарламентарните партии. Каналот на албански јазик, МРТ2, исто така врз основа на препораката на АВМУ, за етничките албански партии обезбеди поголемо медиумско известување од законски предвиденото.

На 17 април, АВМУ ги презентираше своите резултати од спроведениот мониторинг врз медиумите за кампањата на првиот круг од претседателските избори. Овие резултати содржеа квантитативни сознанија, во голема мера изоставајќи ги резултатите од квалитативниот мониторинг.[29] Ова ѝ оневозможи на Агенцијата да утврди потенцијални прекршувања на законските барања сите јавни радиодифузери да обезбедат правично и непристрасно покривање. Понатаму, извештајот за спроведен мониторинг укажа на отсуството на квантитативна избалансираност на неколку радиодифузери, а АВМУ, сепак, не реагираше на тоа.[30]

Според резултатите од мониторингот што го спроведе НМИ на ОБСЕ/ОДИХР, владејачките партии беа медиумски покриени на попозитивен начин на МРТ. Додека сите учесници во изборната трка беа покриени во голема мера на неутрален начин, ВМРО-ДПМНЕ имаше предност со тоа што добиваше позитивно медиумско покривање во кое се нагласуваа нејзините постигнувања и идни проекти. МРТ2 имаше сличен пристап на обезбедување на позитивно и

---

[27] НМИ на ОБСЕ/ОДИХР спроведе мониторинг врз медиумското претставување на кампањата од страна на МРТ1, МРТ2, Сител, Канал 5, Алфа, Телма и Алсат-М во текот на ударните термини (од 18:00 до 24:00). На Вести 24 мониторингот се спроведе врз двете главни информативни програми (20:00 и 22:00).

[28] Ставот 7.8 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год. предвидува дека "никаква административна или правна пречка нема да стои на патот на непречениот пристап до медиумите на недискриминаторска основа за сите политички групи или поединци кои сакаат да учествуваат во изборниот процес."

[29] Одреден број на членови на АВМУ го критикуваа отсуството на квалитативна анализа во извештајот, и покрај тоа што таква анализа се бара според методологијата за мониторинг на медиумите што ја усвои АВМУ.

[30] Во Извештајот на АВМУ за спроведен мониторинг се посочува дека г. Иванов има добиено поголемо медиумско покривање во информативните програми на ТВ Сител од останатите претседателски кандидати заедно. Сепак, АВМУ не покрена прекршочна постапка туку појасни дека таквото медиумско покривање било резултат на "стратешкиот пристап на ВМРО-ДПМНЕ (...) постојано да го придружува својот претседателски кандидат Ѓорге Иванов".

неутрално медиумско покривање на активностите на ДУИ, и главно неутрално медиумско покривање на останатите учесници во изборната трка.

Во текот на кампањата, приватните ТВ Сител, Канал 5 и Алфа во своите информативни програми одвоија 46% до 51% за главно позитивно или неутрално медиумско покривање на активностите на ВМРО-ДПМНЕ. Спротивно на тоа, СДСМ доби од 22% до 27% од медиумското покривање, со главно негативен тон. Во текот на кампањата, јавниот радиодифузер и приватните Сител, Канал 5 и Алфа, исто така, обезбедија значително медиумско покривање на активностите на министрите кои беа кандидати во изборната трка, често на наклонет и позитивен начин. Медиумите во голема мера не успеаја да направат разлика помеѓу медиумска покриеност на овие службени лица во нивно својство на министри и кандидати.

Приватните *ТВ Телма и Вести 24* во своите информативни програми обезбедија поизбалансирано известување на активностите на кампањите на двајцата кандидати, како и сличен сооднос на медиумско покривање на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.[31] Додека тонот на медиумското известување на Вести 24 беше во голема мера неутрален, ТВ Телма зазема критички став во медиумското известување за владата и владејачката ВМРО-ДПМНЕ. ТВ Алсат-М обезбеди 26% за ДУИ, 21% за ВМРО-ДПМНЕ, 18% за СДСМ и 17% за ДПА. Тонот на медиумското известување беше главно неутрален, со тоа што ДУИ доби повеќе позитивна медиумска покриеност од останатите партии.

На сите приватни радиодифузери врз кои се спроведе мониторинг, околу 40 емитувани часа на платено политичко рекламирање беа откупени од ВМРО-ДПМНЕ и нивниот претседателски кандидат; околу 7.5 часа од ГРОМ, 6.5 часа од ДУИ, 3.3 часа од СДСМ и 2 часа од Внатрешна македонска револуционерна организација - Народна партија (ВМРО-НП).[32]

## Приговори и жалби

Механизмот за разрешување на изборни спорови остана неефективен. Недостатокот на крајни рокови во кои судот треба да се произнесе за одредени видови поврзани со изборите, во комбинација со ограниченото право на гласачите да имаат пристап до правен лек во секоја етапа од изборниот процес не обезбедува целосна гаранција за правен лек согласно барањата од ставот 5.10 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год.[33]

ДИК одби 791 пријави од гласачи кои барале да бидат вклучени во избирачкиот список за предвремените парламентарни избори во ДКП во Тирана.[34] Од нив, 640 лица поднеле жалба до Управниот суд кој ја поништил одлуката на ДИК, произнесувајќи се дека со оглед на тоа што ДИК веќе потврдила дека овие гласачи ги имаат исполнето условите за гласање во странство за претседателските избори, не би можело сега да ги исклучат од избирачкиот список за предвремените парламентарни избори. После увидот во избирачкиот список за предвремените парламентарни избори, ДУИ достави приговор до ДИК со барање овие гласачи да се избришат од избирачкиот список заради тоа што се постојани државјани на Албанија. Овој приговор беше одбиен од ДИК, а одлуката на Уставниот суд се базираше врз претходно донесена одлука. Приговорот на СДСМ за бришење на гласачи беше, исто така, одбиен на двете нивоа.

---

31 ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ добија 30% односно 26% на ТВ Телма, и 29% односно 30% на Вести 24.

32 СДСМ и ВМРО-НП ѝ посочија на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека имале намера да откупат повеќе време на ТВ Сител и Канал 5, но биле информирани дека достапното време веќе било откупено од страна на други учесници во изборната трка.

33 Ставот 5.10 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год. предвидува "Секое лице ќе има ефективни средства за остварување на правен лек против управните одлуки со цел да се гарантира почитување на фундаменталните права и обезбедување на правен интегритет." Исто така, види во ставот II.3.3f од Кодексот за добра пракса во врска со изборни прашања на Венецијанската комисија.

34 Овие гласачи живеат во Пустец, Албанија и се носители на двојно државјанство.

До Државната комисија за спречување корупција (ДКСК) беа доставени приговори во однос на злоупотреба на државни ресурси и барања за одобрување на нови буџетски средства. Седниците на ДКСК не беа отворени за јавноста и за подносителите на приговори. Не постои можност да се обжалат нејзините одлуки, кои не се објавуваат. ДКСК ја информираше НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека има разгледано 1.200 барања од државни институции да ги зголеми или измени буџетските средства после закажувањето на изборите, кои најголем дел се однесуваат на продолжување на договорот за работа на државни службеници.[35]

**Домашни и меѓународни набљудувачи**

Вкупно 610 меѓународни набљудувачи за предвремените парламентарни избори и за вториот круг од претседателските избори беа регистрирани во ДИК.[36] Домашните здруженија распоредија релативно поголем број на набљудувачи отколку во првиот круг на претседателските избори. Двете невладини организации со најдолга традиција на набљудување на избори во земјата, МОСТ и ЦИВИЛ, регистрираа 2.413, односно 113 набљудувачи. Здружението за хуманитарни активности (СИНЕРГИЈА) регистрираше 5.050 набљудувачи, а Здружението на граѓани за демократизација и покревање на колективната свест (ВЕПРО) од Струга 2.321 набљудувачи.[37]

ДПА достави приговор до ДИК со барање да се поништи акредитацијата на ВЕПРО со наводи дека набљудувачите на ВЕПРО им давале инструкции на гласачите да не гласаат и ги запишувале имињата на оние кои гласале на 13 април. Приговорот беше одбиен заради недостаток на докази.

**Денот на изборите**

Денот на изборите беше спроведен на непречен и професионален начин, и покрај тоа што некои технички нерегуларности беа забележани во текот на денот. ДИК започна со објавување на резултатите во текот на ноќта на изборите и ги објави на својата веб страница распределени по изборни единици и општини; ова е позитивна мерка за понатамошно зголемување на транспарентноста. Преку прелиминарните бројки кои ги објави ДИК се утврди излезност од 54% за претседателските избори и 64% за предвремените парламентарни избори. Пред да се започне со броењето на гласовите, главната опозициска коалиција најави дека нема да ги признае резултатите од овие избори.

Гласањето на денот пред изборите за болните и немоќни лица и затворениците се одржа на 26 април. Начелно, гласањето на денот пред изборите се одвиваше на транспарентен начин, а процедурите беа следени. Општата оценка на МНМИ е позитивна. Сепак, тајноста на гласањето не беше обезбедена во 16 од 95 случаи. Како и во првиот круг од претседателските избори, МНМИ забележа неколку случаи на затвореници со важечки лични карти на кои им беше оневозможено правото на глас заради тоа што не биле запишани во избирачкиот список.

Набљудувачите на МНМИ имаа непречен и целосен пристап во текот на отворањето на избирачките места. Процесот беше позитивно оценет во 88 од 92 набљудувања. Некои од процедуралните нерегуларности вклучуваа: во 15 случаи не било демонстрирано дека гласачките кутии се празни, а во 14 случаи записникот за отворање на гласачко место не бил пополнет пред да се отвори гласачкото место.

---

35 Согласно членот 8-а на Изборниот законик и членот 11 и 12 од Законот за спречување корупција се забранува доделување на нови буџетски средства од моментот на закажување на изборите.

36 Оваа бројка ги вклучува амбасадите претставени во земјата, како и данската НВО Иницијатива на поддршка за слободата и демократијата (СИЛБА)

37 Голем дел од соговорниците на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дадоа наводи дека СИНЕРГИЈА е поврзана со ВМРО-ДПМНЕ, а ВЕПРО со ДУИ.

Во начелно позитивната оценка на гласање според набљудувачите на МНМИ, процесот беше оценет како добар или многу добар во 96% од набљудувањето. Работата на ИО и нивното разбирање на процедурите за гласање, како и транспарентноста на процесот беа оценети како позитивни во 95, односно 97% од набљудувањата. Сепак, многу од ИО не ги следеа упатствата на ДИК да ги советуваат гласачите дека можат да гласаат за двата или само за еден од изборите. Беше забележана разлика помеѓу етничко албанските места, каде гласачите беа обесхрабрени од страна на членовите на ИО да го земат гласачкото ливче за претседател, и етничко македонските места каде на гласачите им беа автоматски давани двете гласачки ливчиња. Најчестата нерегуларност беше групното гласање, забележано во околу 9% од гласачките места. Набљудувачите не беа попречени и можеа јасно да ги набљудуваат процедурите во 99% од избирачките места.

Општата оценка на броењето на гласовите беше добра во 83 од 98 набљудувани броења. Сепак, за процедурални нерегуларности беше известено во 17 случаи. Процесот беше транспарентен и набљудувачите на МНМИ имаа непречено следење на броењето на гласовите во сите избирачки места. Во 8 од набљудуваните избирачки места некои членови на ИО одбија да го потпишат записникот. Понатаму, во 37 избирачки места ИО не објави јавно копија од записникот со резултати, како што е предвидено со законот.

МНМИ набљудуваше сумирање на резултатите во 76 од 80 ОИК и процесот го оцени како добар или многу добар во 69 набљудувања. Сериозни разлики во записниците на ИО беа забележани во 11 набљудувања, но истите беа коригирани од страна на ОИК. Овластените претставници на политичките партии и кандидатите беа во 98% од избирачките места и ОИК посетени од страна на МНМИ, додека домашните здруженија беа присутни во 68% од избирачките места и во 92% од ОИК.

*Англиската верзија на оваа изјава е единствениот официјален документ.*
*Обезбеден е и неофицијален превод на македонски и албански јазик*

## ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСИЈАТА И БЛАГОДАРНОСТ

**Скопје, 28 април 2014 год**. - НМИ на ОБСЕ/ОДИХР започна со работа во Скопје на 10 март, со 11 експерти во главниот град и 20 долгорочни набљудувачи распоредени низ земјата.

На денот на изборите беа распоредени 252 набљудувачи од 32 земји, од кои 206 долгорочни и краткорочни набљудувачи распоредени од ОБСЕ/ОДИХР, 31 парламентарци и персонал на ПС на ОБСЕ и 15 од ПССЕ. Гласањето се набљудуваше 889 избирачки места ширум земјата. Процесот на сумирање на резултатите се набљудуваше во 76 ОИК.

Претставените институции ја изразуваат својата благодарност до властите за добиената покана за набљудување на изборите, до Државната изборна комисија за соработката и за издавањето на документацијата за акредитација, до Министерството за надворешни работи и до сите останати државни органи за нивната помош и соработка. Институциите, исто така, ја изразуваат својата благодарност до Мисијата на ОБСЕ во Скопје и до останатите меѓународни институции за нивната соработка и поддршка.

За дополнителни информации ве молиме обратете се до:

- Амбасадорот Герт Хинрих-Аренс, Шеф на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во Скопје (+389 (0)2 3121 657);
- Г. Томас Рајмер, Портпарол на ОБСЕ/ОДИХР (+389 72 209 788 или +48 609 522 266); или г-а Тамара Отиашвили, Советник за избори при ОБСЕ/ОДИХР во Варшава (+389 77 553 814 или +48 22 5200 680);
- Роберто Монтела, ПС на ОБСЕ, (+389 (0)77 594 872 или +43 699 104 286 81);
- Одделението за комуникации при ПССЕ (+33 388 413 193)

Адреса на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР:
Илинденска 76, 1000 Скопје
Тел: +389 (0)2 3121 657, факс: + 389 (0) 3119 524; е-пошта: office@odihr.org.mk
веб страница: http://www.osce.org/odihr/elections/116272